**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

**Наш број:** 09-9397/1
28. 07. 2025
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.08/2025 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место **Помошник раководител на Сектор за образование** шифра УПР0101Б03000, на ниво Б3, Сектор за образование, се избира кандидатот **Биљана Пауновска - Николовска.**
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 11.07.2025 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.08/2025 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-8624/6 од 16.07.2025 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Помошник раководител на Сектор за образование шифра УПР0101Б03000, на ниво Б3, Сектор за образование, предложи да се избере кандидатот Биљана Пауновска - Николовска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP